*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник<br>на Општина Штип<br>Излегува по потреба | Број 4<br>7 март 2011 година<br>Ш т и п | ГОДИНА XLVIII |


36.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ
НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за давање согласност за задолжување на Општина Штип.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1709/2 — Општина Штип
7 март 2011 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

37.

Во врска со член 4 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ број 62/05), а врз основа на член 18 и 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 61/04, 96/04, 67/07 и 156/09),

член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ
НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Општина Штип дава согласност за задолжување на општината преку кредитна линија ЈІСА (**џајка**) за адаптација на делот од филтер станицата за обработка на површински води до 550.000 евра.

Член 2

Задолжувањето на општината е од општ јавен интерес и има економска и финансиска оправданост.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1709/1
28 февруари 2011 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска, с. р.

38.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ
НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ЧЕТВРТИОТ КВАРТАЛ
ЗА 2010 ГОДИНА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. Д0 31.12.2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на буџетот на Општина Штип за четвртиот квартал за 2010 година за период од 01.01. до 31.12.2010 година.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1710/2
7 март 2011 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

д-р Зоран Алексов, с. р.

39.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 26 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ
НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ЧЕТВРТИОТ КВАРТАЛ
ЗА 2010 ГОДИНА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. Д0 31.12.2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на буџетот на Општина Штип за четвртиот квартал за 2010 година за период од 01.01. до 31.12.2010 година.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-1710/1
28 февруари 2011 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска, с. р.

40.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ
НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за пристапување кон измена на Статутот на Општина Штип.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1711/2
7 март 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

41.

Врз основа на член 114 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИЗМЕНА НА
СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се пристапува кон измена на Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09).

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1711/1
28 февруари 2011 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска, с. р.

42.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за измена на Статутот на Општина Штип.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1712/2
7 март 2011 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

д-р Зоран Алексов, с. р.

43.

Врз основа на член 21 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ
НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Во Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09) во членот 59 став (2) бројот „15“ се заменува со бројот „25“, а бројот „60“ се заменува со бројот „40“.

Член 2

Се овластува Комисијата за статут и прописи на Советот на Општина Штип да утврди пречистен текст на Статутот на Општина Штип.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1712/1
28 февруари 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

44.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ПЛАН ЗА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА „АВТОКОМАНДА“ ДЕЛ ОД УЕ 27 И УЕ 31, ОПФАТ 10,8ха
ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-План на Детален урбанистички план за дел од населба „Автокоманда“ дел од УЕ 27 и УЕ 31, опфат 10,8ха Општина Штип.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1713/2
7 март 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

45.

Врз основа на член 22 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 51/05, 137/07, 91/09 и 124/10) и член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ПЛАН ЗА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА „АВТОКОМАНДА“ ДЕЛ ОД УЕ 27 И УЕ 31, ОПФАТ 10,8ха
ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се утврдува Нацрт-План на Детален урбанистички план за дел од населба „Автокоманда“ дел од УЕ 27 и УЕ 31, опфат 10,8ха Општина Штип според урбанистичка документација изготвена од ЈП „Штип-проект“-Штип со технички број 08/2010.

Член 2

Нацрт-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- текстуално образложение
- графички прилози според законските одредби
- одредби за реализација на урбанистичката документација
- стручна ревизија на урбанистичката документација
- одговор на стручна ревизија
- стручно мислење број 10-659/5 од 28 декември 2010 година од Комисијата за давање мислење по нацрт-плановите.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1713/1 | Совет на Општина Штип
28 февруари 2011 година | Претседател
Ш т и п | Сузана Николовска, с. р.

46.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1714/2 — Општина Штип
7 март 2011 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

47.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

Се доделуваат финансиски средства на:

1. Здружението на граѓани „Гаиа“ Штип за реализација на велосипедскиот инспиративен маратон „Кина 2011“ – 30.000,00 денари.

2. Населено место Никоман – Штип за реконструкција на пристапниот пат од патот кон село Кошево – 30.000,00 денари.

Член 2

Од страна на градоначалникот да се определи стручно лице кое ќе изврши увид и контрола на изведените работи на пристапниот пат од село Кошево до село Никоман за кој што се доделени финансиски средства.

Член 3

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2011 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-1714/1
28 февруари 2011 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска, с. р.

48.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на спортски клубови.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1715/2
7 март 2011 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

д-р Зоран Алексов, с. р.

49.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
# НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ

Член 1

Се доделуваат финансиски средства на:

1. Фудбалски клуб „Баби“ Штип за котизација за натпреварување во третата фудбалска лига – Исток за сезона 2010/2011 година – 30.000,00 денари;

2. Фудбалски клуб „Астибо“ Штип за котизација за натпреварување во третата фудбалска лига – Исток за сезона 2010/2011 година – 30.000,00 денари;

3. Ракометен клуб „Текстилец“ Штип за котизација за учество во натпреварувачката лига – 22.000,00 денари;

4. Алпинистичкиот клуб „Астрајон“ Штип за годишна членарина за 2011 година при Федерацијата на планинарски спортови на Македонија – 6.150,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2011 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

| | |
|---|---|
| Број 0701-1715/1 | Совет на Општина Штип |
| 28 февруари 2011 година | Претседател |
| Ш т и п | Сузана Николовска, с. р. |

50.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА
# СОЈУЗОТ НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на Сојузот на улилишен спорт на Општина Штип.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1716/2
7 март 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

51.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА СОЈУЗОТ НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се доделуваат финансиски средства за реализација на Програмата на Сојузот на училишен спорт на Општина Штип за натпреварувачката 2010/2011 година, во износ до 300.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2011 година.

Член 3

По истекот на натпреварувачката 2010/2011 година, Сојузот на училишен спорт, до Советот на Општина Штип се задолжува да достави Извештај за потрошените средства, доделени со оваа Одлука.

Член 4

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-1716/1 | Совет на Општина Штип
28 февруари 2011 година | Претседател
Ш т и п | Сузана Николовска, с. р.

52.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА
ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ

I

Се објавува Заклучокот за доставување на извештај.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1716/3 | Општина Штип
7 март 2011 година | Градоначалник
Ш т и п | д-р Зоран Алексов, с. р.

53.

Врз основа на член 46 и 49 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ

I

Сојузот на училишен спорт на Општина Штип до Советот на Општина Штип да достави извештај за потрошените средства за реализација на Програмата за работа за 2010 година.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-1716/2
28 февруари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

54.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ТРАНСФЕРИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП НА ОРГАНИЗАТОРИТЕ
НА СВЕЧЕНОСТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОЛОКАУСТОТ НА ЕВРЕИТЕ
КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА
ХОЛОКАУСТОТ НА ЕВРЕИТЕ

I

Се објавува Одлуката за трансферирање на финансиски средства од буџетот на Општина Штип на организаторите на свеченоста за одбележување на холокаустот на Евреите како дел од Програмата за одбележување на холокаустот на Евреите.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1717/2
7 март 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

55.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ТРАНСФЕРИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП НА ОРГАНИЗАТОРИТЕ
НА СВЕЧЕНОСТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОЛОКАУСТОТ НА ЕВРЕИТЕ
КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА
ХОЛОКАУСТОТ НА ЕВРЕИТЕ

Член 1

Се врши трансфер на финансиски средства на организаторите на свеченоста за одбележување на холокаустот на Евреите како дел од Програмата за одбележување на холокаустот на Евреите, во износ од 58.095,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се трансферираат од буџетот на Општина Штип за 2011 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 0701-1717/1
28 февруари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

56.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА

ПРОГРАМИТЕ ЗА РАБОТА ВО ЈП „ШТИП-ПРОЕКТ-ШТИП
ЗА 2010 ГОДИНА ПО ПРОГРАМИ

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмите за работа во ЈП „Штип-проект“-Штип за 2010 година по програми, и тоа:

1. Програма за уредување на градежно земјиште.
2. Програма за изработка на урбанистичка документација.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1718/2
7 март 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

57.

Врз основа на член 36 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА
ПРОГРАМИТЕ ЗА РАБОТА ВО ЈП „ШТИП-ПРОЕКТ-ШТИП
ЗА 2010 ГОДИНА ПО ПРОГРАМИ

I

Се усвојува Извештајот за реализација на програмите за работа во ЈП „Штип-проект“-Штип за 2010 година по програми, и тоа:

1. Програма за уредување на градежно земјиште.
2. Програма за изработка на урбанистичка документација.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-1718/1
28 февруари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

58.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА
ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА
ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на локалните патишта и улици во Општина Штип за 2010 година.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1718/3
7 март 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

59.

Врз основа на член 36 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА
ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА
ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локалните патишта и улици во Општина Штип за 2010 година.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-1718/2
28 февруари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

60.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО
НА ЈП „ИСАР“-ШТИП ЗА ПЕРИОД ОД
01.10. Д0 31.12.2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП „Исар“-Штип за период од 01.10.-31.12.2010 година.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1719/2
7 март 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

61.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО
НА ЈП „ИСАР“-ШТИП ЗА ПЕРИОД ОД
01.10. Д0 31.12.2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за работењето на ЈП „Исар“-Штип за период од 01.10.-31.12.2010 година со следниот **заклучок**:

Се задолжува ЈП „Исар“-Штип од 2011 година да врши редовно баждирање на водомерите согласно:

1. Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води;
2. Правилникот за определување на категориите и видовите мерила за кои е задолжена верификацијата, постапките за верификација, роковите за периодична верификација, како и категориите и видови мерила за кои може да се добие овластување за верификација и
3. Правилникот за начинот и постапката за прва, периодична и вонредна верификација.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-1719/1
28 февруари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

62.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ НА ЈП „ИСАР“-ШТИП
ЗА ОДРЖУВАЊЕТО НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА
ЗА ПЕРИОД ОД 01.10. Д0 31.12.2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот на ЈП „Исар“-Штип за одржување на јавна чистота за период од 01.10.-31.12.2010 година.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1720/2
7 март 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

63.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08,

07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ НА ЈП „ИСАР"-ШТИП
ЗА ОДРЖУВАЊЕТО НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА
ЗА ПЕРИОД ОД 01.10. Д0 31.12.2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот на ЈП „Исар"-Штип за одржувањето на јавната чистота за период од 01.10.-31.12.2010 година.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 0701-1720/1
28 февруари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

64.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА ШТИП
ВО ТЕКОТ НА ВТОРОТО ПОЛУГОДИЕ ОД
2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за безбедносната состојба на подрачјето на полициска станица Штип во текот на второто полугодие од 2010 година.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1721/2
7 март 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

65.

Во врска со член 25 од Законот за полиција („Службен весник на РМ“ број 114/06 и 06/09), а врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА ШТИП
ВО ТЕКОТ НА ВТОРОТО ПОЛУГОДИЕ ОД
2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за безбедносната состојба на подрачјето на Полициска станица Штип во текот на второто полугодие од 2010 година.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-1721/1
28 февруари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

66.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА
НА ДОМОТ НА МЛАДИТЕ ШТИП ВО
2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Домот на младите Штип во 2010 година.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1722/2
7 март 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

67.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА
НА ДОМОТ НА МЛАДИТЕ-ШТИП ВО
2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за работа на Домот на младите-Штип во 2010 година.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-1722/1
28 февруари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

68.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА
СОВЕТОТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Годишната програма за работа на Советот на млади на Општина Штип за 2010 година.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1723/2
7 март 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

69.

Врз основа на член 4 став 1 алинеја 8 од Одлуката за основање на Совет на млади на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/09 и 13/09) и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА
СОВЕТОТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Годишната програма за работа на Советот на млади на Општина Штип за 2010 година.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-1723/1
28 февруари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

70.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2011 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Годишна програма за работата на Советот на млади на Општина Штип за 2011 година.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1724/2
7 март 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

71.

Врз основа на член 4 став 1 алинеја 6 од Одлуката за основање на Совет на млади на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/09 и 13/09) и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА
НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2011 ГОДИНА

I

Се донесува Годишната програма за работата на Советот на млади на Општина Штип за 2011 година, со следниот **заклучок**:

- За секоја поединечна активност од Годишната програма за работа на Советот на млади на Општина Штип за 2011 година и за нејзиното финансирање, Советот ќе одлучува посебно за конкретната активност, а по поднесено барање за истата.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-1724/1 — Совет на Општина Штип
28 февруари 2011 година — Претседател
Ш т и п — Сузана Николовска, с. р.

72.

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТ НА МЛАДИ
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2011 ГОДИНА

Наративен опис на програмата
Годишната програма за 2011 година на Советот на млади на Општина Штип се базира на внатрешно делување во локалната власт во процесите на иницирање и донесување на законски регулативи кои се однесуваат на младите. Предвидените активности во годишната програма ќе придонесат за подобрување на животот на младите во Општина Штип. Исто така преку спроведување на програмата ќе им се овозможи на младите активно да се вклучат во јавниот живот на Општина Штип.

*Цели, насоки и активности за 2011 година:*

**1. ПРОМОЦИЈА НА СОВЕТ НА МЛАДИ**

1.1. Гостување на медиуми
Стратешката цел, промоција на Советот на млади, претставува чекор во запознавањето на младите од Општина Штип за постоењето на Советот на млади како советодавно тело на Советот на Општината со цел активно вклучување на младите во јавниот живот на Општина Штип. Оваа активност ќе се спроведува во текот на целата година (јануари-декември 2011) преку гостувања во медиумите за промоција на тековните активности на Советот на млади (СМ) и поголема информираност на младите во Штип за работата на СМ. Индикатори на успешно спроведување на оваа активност се:

- присутност на медиуми;
- масовно учество на младите во реализација на активностите кои се иницирани од страна на СМ;
- број на доставени иницијативи и предлози до Советот на млади.

Одговорни за процесот ќе бидат претседателот и заменик претседателот на Советот на млади.

**2. ИСТРАЖУВАЊЕ НА АКТУЕЛНИ ПРОБЛЕМИ НА МЛАДИТЕ**

Оваа активност ќе се спроведува во периодот февруари - април 2011 преку разни анкети со кои ќе се обезбедат пред сѐ информации за актуелните проблеми на младите. Младите ќе бидат вклучени во реализација на истражувањето, а ќе се добијат и сугестии за решавање на одредени проблеми. Индикатори за успех ќе бидат:

- бројот на утврдени актуелни проблеми,
- бројот на анкетирани млади и
- бројот на добиени сугестии.

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Никица Атанасова и Михаил Горгиев. За реализација на оваа активност се потребни 5000 денари од буџетот на Општина Штип наменети за копирање на прашалници.

**3. СОБИРАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МЛАДИТЕ**

3.1. Состаноци со младите етнички заедници во Штип
Во текот на целата година ќе се иницираат состаноци со младите од разни етнички заедници со цел непосредно да се утврдат проблемите кои ги имаат младите припадници на етничките заедници, а со тоа ќе се пристапи и кон изнаоѓање на адекватни решенија. Индикатори за успех на оваа активност би биле:

- бројот на утврдени актуелни проблеми кај младите етнички заедници и
- бројот на добиени сугестии за решенија.

За оваа активност одговорни лица ќе бидат Озен Демиров и Елена Георгијевска. Временски период јануари-март 2011 година.

3.2. Состаноци со претседатели на средни училишта
Оваа активност ќе се одвива континуирано преку целата година. Резултат од овие состаноци ќе бидат утврдените проблеми кои ги имаат младите средношколци и адекватните решенија за истите. Индикатори за успешност на оваа активност ќе бидат:

- бројот на утврдени актуелни проблеми кај младите средношколци и
- бројот на добиени сугестии за решенија.

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Никица Атанасова и Даниел Јовевски.

3.3. Состаноци со СПУГД, младински здруженија, Форум на млади на Општина Штип и НВО
Реализацијата на оваа активност ќе се одвива во текот на целата година. Преку овие состаноци ќе се утврдат проблемите кои ги имаат младите и ќе се изнајдат и

адекватни решенија за утврдените проблеми. Индикатори за успешност на оваа активност ќе бидат:

- број на утврдени актуелни проблеми кај младите
- број на добиени сугестии за решенија

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Елена Георгијевска и Михаил Горгиев.

**4. РЕДОВНИ СОСТАНОЦИ СО КОМИСИИ И ТЕЛА ВО РАМКИ НА ОПШТИНА ШТИП, ГРАДОНАЧАЛНИК, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ И КООРДИНАТОРИ НА СОВЕТНИЧКИ ГРУПИ**

Преку оваа активност ќе се воспостави соработка со институциите на локалната самоуправа со цел доближување на проблемите на младите до институциите на локалната самоуправа, нивно вклучување и давање придонес кон решавањето на проблемите на младите.
Одговорни лица за оваа активност ќе бидат сите членови на Советот на млади. Временски рок во текот на целата година.

**5. ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТСКА ЛИГА**

Во периодот јануари – декември 2011 година ќе биде обезбедена поддршка од Ректоратот и започнати подготвителни активности за реализирање на универзитетска лига во рамките на Универзитетот "Гоце Делчев" за колективните спортови (во договор со СПУГД).
Одговорни за оваа активност ќе бидат Михаил Горгиев, Зоран Саздовски и Бобан Спиров.

**6. ОПРЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА СО СПОРТСКИ РЕКВИЗИТИ**

Во периодот март – април 2011, со цел омасовување на спортот помеѓу младите ќе се опремат неколку основни и средни училишта со спортски реквизити. Индикатор за успешност ќе биде:

- набавка на спортски реквизити.

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат: Бојан Кереместевски и Зоран Саздовски. За реализација на оваа активност се потребни 60.000 денари.

**7. ИНЦИЈАТИВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕСПЛАТЕН WI-FI ПРИСТАП ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ**

Оваа активност ќе се одвива во периодот јануари – декември 2011. Со оваа активност треба да се обезбеди бесплатен интернет пристап за младите во Штип (покриеност со Wi-Fi мрежа) на централното градско подрачје. Индикатори за успешност ќе бидат:

- склучен договор за бесплатен Wi-Fi помеѓу Општина Штип и интернет провајдер,
- поставена Wi-Fi мрежа.

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Бојан Кереместевски, Бобан Спиров и Михаил Горгиев.

**8. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈА ЗА 8-МИ НОЕМВРИ**
Оваа активност ќе се одвива во периодот септември – ноември 2011.
Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Бобан Спиров, Бојан Кереместевски, Озен Демиров и Даниел Јовевски. За организирање на оваа манифестација се потребни 30.000 денари.

**9. УЧЕСТВО НА ДЕЛЕГАЦИИ ПРИ ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ НАСТАНИ**
Оваа активност континуирано ќе се одвива во текот на целата година. Со ова ќе се овозможи учество на Советот на млади во одбележување на сите јавни настани и истовремено ќе се врши промоција на работата на Советот на млади. Индикатори за успех за оваа активност ќе се смета:

- бројот на настани каде членови на Советот на млади присуствувале.

Одговорни лица за оваа акција ќе бидат Претседателот и заменикот претседател на Советот на млади. За оваа активност потребни се 3.000 денари за цветни аранжмани.

**10. ПОДДРШКА ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ УЧЕНИЦИ**
Со цел да и се помогне на децата од социјално загрозените семејства во периодот август - септември 2011 ќе обезбедиме училиштен прибор за дел од оваа целна група. Индикатори за успешност на оваа активност ќе бидат:

- 100 опфатени млади лица и
- поделени 100 пакети со училиштен прибор.

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Озен Демиров и Елена Георгијевска. Потребни финансиски средства се 20.000 денари (200 денари по пакет).

**11. ИНИЦИЈАТИВИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ**
Оваа активност ќе се одвива во периодот јануари – декември 2011 година. Треба да се започне кампања за безбедност во сообраќајот и да се воспостави соработка на Советот на млади со СВР Штип. Индикатори за успех се

- соработка со МВР – СВР Штип
- реализирани активности кои се дел од кампањата
- број на состаноци на Советот на млади со МВР – СВР Штип.

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Бобан Спиров, Зоран Саздовски и Елена Горгијевска.

**12. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ГОДИШНИНА НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ**

Организацијата за одбележување на годишнината ќе започне во август 2011 година, а манифестацијата ќе се одржи на 5 октомври. На манифестацијата ќе бидат промовирани резултати од едногодишната работа на Советот на млади, ќе добиеме зголемен кредибилитет помеѓу младите, ќе бидат пренесени позитивни пораки до младите, ќе се зголеми присутноста на членови на Советот на млади на медиумите. Индикатори за успех на оваа активност ќе бидат:

- организирана забава и
- број на гостувања во медиуми.

Одговорни лица за оваа активност ќе бидат Бојан Кереместевски, Елена Георгијевска и Михаил Горгиев. За реализирање на оваа манифестација се потребни 40.000 денари.

**13.УЧЕСТВО НА СОСТАНОЦИ ОРГАНИЗИРАНИ ОД АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ И КОАЛИЦИЈА СЕГА**

Период предвиден за реализација на оваа активност е јануари – декември 2011.

**14.ИНИЦИЈАТИВА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ГОДИШНА НАГРАДА ЗА НАЈДОБАР СТУДЕНТ И НАЈТАЛЕНТИРАН СПОРТИСТ КОИ ЖИВЕАТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП**

Потребни финансиски средства за оваа активност се 500.000,00 денари.

73.

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА
СОВЕТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2011 ГОДИНА
СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ПО АКТИВНОСТИ

НАРАТИВЕН ОПИС НА ПРОГРАМАТА

Годишната програма за 2011 година на Советот на млади на Општина Штип се базира на внатрешно делување во локалната власт во процесите на иницирање и донесување на законски регулативи кои се однесуваат на младите. Предвидените активности во годишната програма ќе придонесат за подобрување на животот на младите во Општина Штип. Исто така преку спроведување на програмата ќе им се овозможи на младите активно да се вклучат во јавниот живот на Општина Штип.

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ

| **АКТИВНОСТИ** | **одговорни лица** | **финансиски средства** |
|---|---|---|
| **1.ПРОМОЦИЈА НА СОВЕТ НА МЛАДИ**<br><br>1.1. Гостување на медиуми Стратешката цел, промоција на Советот на млади, претставува чекор во запознавањето на младите од Општина Штип за постоењето на Советот на млади како советодавно тело на Советот на општината со цел активно вклучување на младите во јавниот живот на Општина Штип. Оваа активност ќе се спроведува во текот на целата година (јануари-декември 2011) преку гостувања во медиумите за промоција на тековните активности на Советот на Млади (СМ) и поголема информираност на младите во Штип за работата на СМ. Индикатори на успешно спроведување на оваа активност се:<br>- присутност на медиуми;<br>- масовно учество на младите во реализација на активностите кои се иницирани од страна на СМ;<br>- број на доставени иницијативи и предлози до Советот на млади. | Претседател и заменик претседател на Совет на млади<br>Бојан Керуместевски<br>Михаил Горгиев | |
| **2. ИСТРАЖУВАЊЕ НА АКТУЕЛНИ ПРОБЛЕМИ НА МЛАДИТЕ**<br>Оваа активност ќе се спроведува во периодот февруари - април 2011 преку разни анкети со кои ќе | Никица Атанасова и Михаил Горгиев | 5000 денари од буџетот на Општина Штип наменети за копирање на |

| | | |
|---|---|---|
| се обезбедат пред сè информации за актуелните проблеми на младите. Младите ќе бидат вклучени во реализација на истражувањето, а ќе се добијат и сугестии за решавање на одредени проблеми. Индикатори за успех ќе бидат:<br>- бројот на утврдени актуелни проблеми,<br>- бројот на анкетирани млади и<br>- бројот на добиени сугестии. | | прашалници. |
| **3.СОБИРАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МЛАДИТЕ**<br><br>3.1. Состаноци со младите етнички заедници во Штип<br>Во текот на целата година ќе се иницираат состаноци со младите од разни етнички заедници со цел непосредно да се утврдат проблемите кои ги имаат младите припадници на етничките заедници, а со тоа ќе се пристапи и кон изнаоѓање на адекватни решенија. Индикатори за успех на оваа активност би биле:<br>- бројот на утврдени актуелни проблеми кај младите етнички заедници и<br>- бројот на добиени сугестии за решенија.<br><br>3.2. Состаноци со претседатели на средни училишта<br>Оваа активност ќе се одвива континуирано преку целата година. Резултат од овие состаноци ќе бидат утврдените проблеми кои ги | Озен Демиров и Елена Георгијевска<br><br>Никица Атанасова и Даниел Јовевски<br><br>Михаил Горгиев и Елена Георгијевска | |

| | | |
|---|---|---|
| имаат младите средношколци и адекватните решенија за истите. Индикатори за успешност на оваа активност ќе бидат:<br>- бројот на утврдени актуелни проблеми кај младите средношколци и<br>- бројот на добиени сугестии за решенија.<br><br>3.3. Состаноци со СПУГД, младински здруженија, Форум на млади на Општина Штип и НВО Реализацијата на оваа активност ќе се одвива во текот на целата година. Преку овие состаноци ќе се утврдат проблемите кои ги имаат младите и ќе се изнајдат и адекватни решенија за утврдените проблеми. Индикатори за успешност на оваа активност ќе бидат:<br>- број на утврдени актуелни проблеми кај младите<br>- број на добиени сугестии за решенија | | |
| **4. РЕДОВНИ СОСТАНОЦИ СО КОМИСИИ И ТЕЛА ВО РАМКИ НА ОПШТИНА ШТИП, ГРАДОНАЧАЛНИК, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ И КООРДИНАТОРИ НА СОВЕТНИЧКИ ГРУПИ**<br>Преку оваа активност ќе се воспостави соработка со институциите на локалната самоуправа со цел доближување на проблемите на младите до институциите на локалната самоуправа, нивно вклучување и | Одговорни лица за оваа активност ќе бидат сите членови на Советот на млади. | |

| | | |
|---|---|---|
| давање придонес кон решавањето на проблемите на младите. | | |
| **5.ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТСКА ЛИГА**<br>Во периодот јануари – декември 2011 година ќе биде обезбедена поддршка од Ректоратот и започнати подготвителни активности за реализирање на универзитетска лига во рамките на Универзитетот "Гоце Делчев" за колективните спортови (во договор со СПУГД). | Михаил Горгиев, Зоран Саздовски и Бобан Спиров. | |
| **6. ОПРЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА СО СПОРТСКИ РЕКВИЗИТИ**<br>Во периодот март – април 2011, со цел омасовување на спортот помеѓу младите ќе се опремат неколку основни и средни училишта со спортски реквизити. Индикатор за успешност ќе биде:<br>- набавка на спортски реквизити. | Бојан Кереместевски и Зоран Саздовски | За реализација на оваа активност се потребни 60.000 денари. |
| **7.ИНЦИЈАТИВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕСПЛАТЕН WI-FI ПРИСТАП ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ**<br>Оваа активност ќе се одвива во периодот јануари – декември 2011. Со оваа активност треба да се обезбеди бесплатен интернет пристап за младите во Штип (покриеност со Wi-Fi мрежа) на централното градско подрачје. Индикатори за успешност ќе бидат: | Бојан Кереместевски, Бобан Спиров и Михаил Горгиев. | |

| | | |
|---|---|---|
| - склучен договор за бесплатен Wi-Fi помеѓу Општина Штип и интернет провајдер,<br>- поставена Wi-Fi мрежа. | | |
| **8.ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈА ЗА 8-МИ НОЕМВРИ**<br>Оваа активност ќе се одвива во периодот септември – ноември 2011.<br><br>**9. УЧЕСТВО НА ДЕЛЕГАЦИИ ПРИ ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ НАСТАНИ**<br>Оваа активност континуирано ќе се одвива во текот на целата година. Со ова ќе се овозможи учество на Советот на Млади во одбележување на сите јавни настани и истовремено ќе се врши промоција на работата на Советот на Млади. Индикатори за успех за оваа активност ќе се смета:<br>- бројот на настани каде членови на Советот на Млади присуствувале. | Бобан Спиров, Бојан Кереместевски, Озен Демиров и Даниел Јовевски<br><br>Претседателот и заменикот претседател на Советот на млади. | За организирање на оваа манифестација се потребни 30.000 денари.<br><br>За оваа активност потребни се 3.000 денари за цветни аранжмани. |
| **10. ПОДДРШКА ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ УЧЕНИЦИ**<br>Со цел да и се помогне на децата од социјално загрозените семејства во периодот август - септември 2011 ќе обезбедиме училиштен прибор за дел од оваа целна група. Индикатори за успешност на оваа активност ќе бидат:<br>- 100 опфатени млади лица и<br>- поделени 100 пакети со | Озен Демиров и Елена Георгијевска. | Потребни финансиски средства се 20.000 денари (200 денари по пакет). |

| | | |
|---|---|---|
| училиштен прибор. | | |
| **11. ИНИЦИЈАТИВИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ**<br>Оваа активност ќе се одвива во периодот јануари – декември 2011 година. Треба да се започне кампања за безбедност во сообраќајот и да се воспостави соработка на Советот на Млади со СВР Штип. Индикатори за успех се<br>- соработка со МВР – СВР Штип<br>- реализирани активности кои се дел од кампањата<br>- број на состаноци на Советот на Млади со МВР – СВР Штип. | Бобан Спиров, Зоран Саздовски и Елена Горгијевска. | |
| **12. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ГОДИШНИНА НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ**<br>Организацијата за одбележување на годишнината ќе започне во август 2011 година, а манифестацијата ќе се одржи на 5 октомври. На манифестацијата ќе бидат промовирани резултати од едногодишната работа на Советот на млади, ќе добиеме зголемен кредибилитет помеѓу младите, ќе бидат пренесени позитивни пораки до младите, ќе се зголеми присутноста на членови на Советот на Млади на медиумите. Индикатори за успех на оваа активност ќе бидат:<br>- организирана забава и<br>- број на гостувања во медиуми. | Бојан Кереместевски, Елена Георгијевска и Михаил Горгиев. | За реализирање на оваа манифеста-ција се потребни 40.000 денари. |

| | | |
|---|---|---|
| **13.УЧЕСТВО НА СОСТАНОЦИ ОРГАНИЗИРАНИ ОД АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ И КОАЛИЦИЈА СЕГА**<br><br>**14.ИНИЦИЈАТИВА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ГОДИШНА НАГРАДА ЗА НАЈДОБАР СТУДЕНТ И НАЈТАЛЕНТИРАН СПОРТИСТ КОИ ЖИВЕАТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП.** | Одговорни лица за оваа активност ќе бидат сите членови на Советот на млади. | 500.000 денари |

**Вкупно 658.000 денари**

Совет на млади на Општина Штип
Претседател

Бојан Кереместевски, с. р.

74.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕКЛАРАЦИЈА
ЗА ЗДРАВА ШТИПСКА МЛАДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Декларација за здрава штипска младина.

II

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-1725/2 — Општина Штип
7 март 2011 година — Градоначалник

Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

75.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 36 и член 49 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 февруари 2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕКЛАРАЦИЈА
ЗА ЗДРАВА ШТИПСКА МЛАДИНА

I

Се донесува Декларацијата за здрава штипска младина.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-1725/1
28 февруари 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

76.

ДЕКЛАРАЦИЈА
ЗА ЗДРАВА ШТИПСКА МЛАДИНА

**Воведен дел**

Ние младите, претставници на младинскиот тим за лобирање од Советот на млади на општина Штип и граѓански организации кои работат со млади од општина Штип, ја изготвивме оваа Декларација за подобрување на сексуалното и репродуктивно здравје на младите и нивните сексуални права со цел нашите барања и препораки да бидат препознаени и прифатени од страна на релевантните фактори, особено од аспект на обезбедување на услови за активно младинско учество и пристап до информации и услуги.

Оваа Декларација се повикува на остварување на обврските на Република Македонија и Локалните самоуправи кои произлегуваат од следниве меѓународни договори и националното законодавство:

Уставот и законите на Република Македонија;

- Закон за локална самоуправа;
- Универзална декларација за човекови права (Обединети нации, 10 декември 1948 година);
- Меѓународен пакт за економските, социјалните и културните права (Обединети нации, 16 декември 1966 година);
- Конвенција за правата на детето (Обединети нации, 20 ноември 1989 година);
- Милениумска декларација (Обединети нации, 8 септември 2000 година);
- Декларација и платформа за акција од Четвртата светска конференција за жени во Пекинг (Обединети нации, 16 септември 1995 година).

Декларацијата се темели на следниве начела:

- Право на сексуална еднаквост - ова се однесува на сите форми на дискриминација без оглед на родот, полот, сексуалната ориентација, возраста, религијата, социјалната класа;
- Сексуалното здравје бара позитивен и респектирачки пристап кон сексуалноста и сексуалните односи, како и можност за имање задоволувачки сексуални искуства слободни од присила;
- Право на грижа за сексуалното здравје - треба да биде достапно поради превенција и третман за сите сексуални грижи, проблеми и нарушувања.

Декларацијата се однесува на следните приоритетни области:

- Активно младинско учество и лобирање
- Пристап до информации и сервиси за сексуално репродуктивно здравје.

**Активно младинско учество и лобирање**

***Меѓународна конференција за население и развој, Програма за акција, параграф 6.15:*** Младите треба да бидат активно вклучени во планирањето, спроведувањето и евалуацијата на активностите за младински развој што имаат директно влијание на нивниот секојдневен живот. Ова е особено важно во однос на информациите, образованието и активностите за комуникација и сервисите за репродуктивно и сексуално здравје, вклучувајќи превенција од рана бременост, сексуално образование и превенција од *ХИВ/СИДА* и другите сексуално преносливи болести.

- Активно вклучување на младите луѓе при планирање и донесување одлуки на локално ниво што се однесуваат на нивното сексуално репродуктивно здравје и сексуални права.
- Обезбедување на финансиска и институционална поддршка за ефикасно спроведување на програми за подобрување на сексуалното репродуктивно

здравје и правата на младите и други младински прашања во Општина Штип.

- Обезбедување на поддршка од страна на бизнис секторот, политичките партии и медиумите за спроведување на активности за подобрување на сексуалното и репродуктивно здравје на младите од Штип.
- Активно ангажирање на Советот на млади на општина Штип и граѓански здруженија кои работат со и за млади во активности поврзани со сексуалното и репродуктивно здравје и сексуалните права на младите.

**Пристап до информации за сексуално и репродуктивно здравје, и сервиси и услуги.**

***Меѓународна конференција за население и развој, Програма за акција, параграф 7.46:*** Земјите, со поддршка на меѓународната заедница, треба да го заштитуваат и промовираат правото на образование, информации и грижа за репродуктивното здравје на адолесцентите.

Младите во општина Штип се соочуваат со голема неинформираност во врска со сексуално репродуктивното здравје, затоа бараме подобрување на пристапот на информации во врска со сексуално репродуктивното здравје.

- Дистрибуција на информативен и едукативен материјал за сексуално репродуктивно здравје, како и промотивен материјал со информации за услуги и сервиси достапни помеѓу младите.

- Воведување на факултативен предмет или проектна активност насловена како сексуално репродуктивно здравје во средните училишта.

- Спроведување на сеопфатна промотивна кампања за промоција на бесплатните сервиси за сексуално и репродуктивно здравје.

- Обезбедување на финансиска поддршка за организации кои се занимаваат со информирање за сексуално репродуктивно здравје.

- Одржување на јавни дебати кои ќе придонесат за подобро информирање на младата популација.

- Изготвување на локална петгодишна стратегија за подобрување на сексуалното и репродуктивно здравје на младите и обезбедување на соодветни услови за остварување на нивните права.

77.

Врз основа на член 72 став 2 алинеја 1 и член 73 од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство („Службен весник на РМ“ број 07/08, 139/08,64/09 и 52/10), градоначалникот на Општина Штип ја донесе следната

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА ПРИВАТЕН ПАРТНЕР ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА
ДОГОВОР ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА,
МОДЕРНИЗАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ
ВО ОПШТИНА ШТИП

1. За најповолна понуда по огласот број 01/10 за избор на приватен партнер за склучување на договор за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување **се избира понудата на прво рангираниот понудувач**:

**„ГЛОБАЛ ЕНЕРГИ СИСТЕМС“ дооел,**
**ул. „Алексо Демниевски Бауман“ број 3 Велес**

2. Вкупната инвестиција на прво рангираниот кандидат за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Штип изнесува **153.543.360,00 денари со вклучен ДДВ.** Во вкупната инвестиција е вклучен и износот за потрошена електрична енергија кој паѓа на товар на приватниот партнер.
   Очекуваната заштеда на електричната енергија согласно усвоената понуда на прво рангираниот кандидат изнесува минимум 60%.
3. Договорот за јавно приватно партнерство Општина Штип ќе го склучи со прво рангираниот кандидат во рок од три месеци од денот на донесување на оваа одлука.
4. Надзор над реализацијата на доделениот договор за јавно приватно партнерство како и почитувањето на обврските од страна на приватниот партнер согласно Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство ќе врши градоначалникот на Општина Штип.
5. Одлуката за избор на приватен партнер се донесува врз основа на Предлогот за избор на најповолна понуда број 08-5681/19 04.01.2011 година и Извештајот од спроведената постапка на Комисијата за спроведување на постапка за јавно приватно партнерство број 08-5681/18 од 30.12.2010 година.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно Одлуката за започнување на постапката за избор на приватен партнер за доделување на договор за јавно приватно партнерство по отворен повик број 01/10 за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Штип, донесена од Советот на Општина Штип број 08-5681/1 од 20.10.2010 година, Комисијата за спроведување на постапка за јавно приватно партнерство спроведе отворена постапка согласно член 32 од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство.

Во постапката за избор на приватен партнер за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во определениот рок за доставување на понудите пристигнаа 4 (четири) понуди, а 3 (три) понуди беа предмет на евалуација и тоа:

1. „ДЕ МАРГО ТРЕЈД“ дооел, ул. „Орце Николов“ број 75 б/2-10 Скопје;
2. „ПРИНТЕК ТЕХНОЛОЏИ“ дооел, ул. „Никола Вапцаров“ број 6/1 Скопје и
3. „ГЛОБАЛ ЕНЕРГИ СИСТЕМС“ дооел, ул. „Алексо Демниевски Бауман“ број 3 Велес.

Понудувачот „ВИСТА ГРУП“ дооел, ул. „Капиштец“ број 1А, Скопје, на ден 20.12.2010 година изјави дека се откажува од понудата за учество во постапката за избор на приватен партнер за реконструција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Штип и од тие причини неговата понуда не беше предмет на евалуација.

Врз основа на Предлогот за избор на најповолна понуда број 08-5681/19 04.01.2011 година и Извештајот од спроведената постапка на Комисијата за спроведување на постапка за јавно приватно партнерство број 08-5681/18 од 30.12.2010 година се изврши избор на следниот понудувач:

**„ГЛОБАЛ ЕНЕРГИ СИСТЕМС“ дооел,**
**ул. „Алексо Демниевски Бауман“ број 3 Велес**

Согласно горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**:

Против оваа одлука со тужба може да се заведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на оваа одлука до Управен суд.

Заведениот управен спор не го одлага извршувањето на одлуката за избор и склучување на договорот за јавно приватно партнерство.

Број 08-5681/20
4 јануари 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

д-р Зоран Алексов, с. р.

78.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 100 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ” број 98/00 и 17/03), член 102-б и член 22 од Законот за измена и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ” број 65/04 и 113/05) и член 36 став 1 алинеја 5 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08 и 16/09), градоначалникот на Општина Штип на **25 февруари 2011 година**, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР
НА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ОПШТИНСКА
ДЕТСКА ГРАДИНКА „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА”-ШТИП

1. Од вршител на должноста директор на Јавна установа за деца-општинска детска градинка „Вера Циривири Трена” - Штип **се разрешува** Снежанка Фичорска од **28 февруари 2011 година**.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-1683/1
25 февруари 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

д-р Зоран Алексов, с. р.

79.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 100 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ” број 98/00 и 17/03), член 102-б и член 22 од Законот за измена и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ”

број 65/04 и 113/05) и член 36 став 1 алинеја 5 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08 и 16/09), градоначалникот на Општина Штип на **25 февруари 2011 година**, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР
НА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ОПШТИНСКА
ДЕТСКА ГРАДИНКА „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА”-ШТИП

1. За вршител на должноста директор на Јавна установа за деца-општинска детска градинка „Вера Циривири Трена” - Штип **се именува Слободанка Поп-Андонова**.

2. Должноста вд директор на Јавна установа за деца-општинска детска градинка „Вера Циривири Трена” - Штип, Слободанка Поп-Андонова ќе ја врши од **1 март 2011 година** се до изборот на директор.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-1684/1
25 февруари 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

80.

Врз основа на член 111 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ“ број 136/07, 130/08, 97/2010), а во врска со член 7 од Решението за спроведување на конкурс за избор на идејно архитектонско решение за изградба на објект „Дом за стари лица“ во Штип број 10-1383/1 од 15 февруари 2011, градоначалникот на Општина Штип донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ЖИРИ КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ
НА ПРОЕКТИТЕ ПОДНЕСЕНИ НА КОНКУРСОТ ЗА ИЗБОР НА ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ
ЗА ИЗГРАДБА НА „ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА“ ВО ШТИП

Член 1

За членови на жири комисијата за оценување на проектите поднесени на конкурсот за избор на идејно решение за изградба на „Дом за стари лица“ во Штип, **се именуваат**:

1. За претседател:
- Елена Арсова, дипл. инж. арх.

2. За членови:
- Димитар Ефремов, дипл. правник, член на Совет на Општина Штип
- Марија Петрович, дипл. инж. арх.
- Билјана Финдаковска, дипл. инж. арх.
- Лазо Стојменов, дипл. инж. арх.

Член 2

Жири комисијата од член 1 е самостојна во донесувањето на своите одлуки.

Членовите на жири комисијата се должни да ја запазат анонимноста на учесниците на конкурсот се’ додека не донесат конечно мислење, односно одлука.

Член 3

Жири комисијата ги оценува поднесените проекти врз основа на критериумите за оценување наведени во огласот.

Жири комисијата има обврска да поднесе извештај до градоначалникот на Општина Штип и до учесниците, потпишан од сите нејзини членови, во кој треба да биде претставено рангирањето на проектите врз основа на нивната квалитативна оцена.

Доколку жири комисијата има забелешки, односно прашања во врска со поднесените проекти истите треба да ги разреши пред донесување на конечна одлука.

Жири комисијата води записник од дискусиите што се воделе заради разјаснување на сите аспекти што се однесуваат на предложениот проект.

Член 4

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 10-1383/5
1 март 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

81.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 101-б од Законот за заштита на децата – пречистен текст („Службен весник на РМ” број 170/10) и член 36 став 1 алинеја 5 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08 и 16/09), градоначалникот на Општина Штип на **2 март 2011 година**, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА
ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-
ДЕТСКА ГРАДИНКА „АСТИБО“-ШТИП

1. За директор на Општинска јавна установа за деца-детска градинка „Астибо” - Штип **се избира Илија Митров**, дипломиран музичар теоретичар, педагог и сонолог, врз основа на предлогот од Управниот одбор на ОЈУДГ „Астибо“- Штип број 0201-/122 од 22 февруари 2011 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-1764/1 Општина Штип
2 март 2011 година Градоначалник
Ш т и п д-р Зоран Алексов, с. р.

---

С О Д Р Ж И Н А


| Р.бр. | | страна/број |
|---|---|---|
| 36. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност за задолжување на Општина Штип | 37/4 |
| 37. | Одлука за давање согласност за задолжување на Општина Штип | 37/4 |

| | | |
|---|---|---|
| 38. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Штип за период од 01.01. до 31.12.2010 година | 38/4 |
| 39. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Штип за период од 01.01. До 31.12.2010 година | 39/4 |
| 40. | Решение за објавување на Одлука за пристапување кон измена на Статутот на Општина Штип | 40/4 |
| 41. | Одлука за пристапување кон измена на Статутот на Општина Штип | 40/4 |
| 42. | Решение за објавување на Одлука за измена на Статутот на Општина Штип | 41/4 |
| 43. | Одлука за измена на Статутот на Општина Штип | 41/4 |
| 44. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-План на Детален урбанистички план за дел од населба „Автокоманда“ дел од УЕ 27 и УЕ 31, опфат 10,8ха Општина Штип | 42/4 |
| 45. | Одлука за утврдување на Нацрт-План на Детален урбанистички план за дел од населба „Автокоманда“ дел од УЕ 27 и УЕ 31, опфат 10,8ха Општина Штип | 43/4 |
| 46. | Решение за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства | 43/4 |
| 47. | Одлука за доделување на финансиски средства | 44/4 |
| 48. | Решение за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства на спортски клубови | 45/4 |
| 49. | Одлука за доделување на финансиски средства на спортски клубови | 45/4 |
| 50. | Решение за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства на Сојузот на улилишен спорт на Општина Штип | 46/4 |
| 51. | Одлука за доделување на финансиски средства на Сојузот на улилишен спорт на Општина Штип | 47/4 |
| 52. | Решение за објавување на Закучок за доставување на извештај | 48/4 |
| 53. | Закучок за доставување на извештај | 48/4 |
| 54. | Решение за објавување на Одлука за трансферирање на финансиски средства од буџетот на Општина Штип на организаторите на свеченоста за одбележување на холокаустот на Евреите како дел од Програмата за одбележување на холокаустот на Евреите | 49/4 |

| | | |
|---|---|---|
| 55. | Одлука за трансферирање на финансиски средства од буџетот на Општина Штип на организаторите на свеченоста за одбележување на холокаустот на Евреите како дел од Програмата за одбележување на холокаустот на Евреите | 50/4 |
| 56. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмите за работа во ЈП „Штип-проект“-Штип за 2010 година по програми | 50/4 |
| 57. | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмите за работа во ЈП „Штип-проект“-Штип за 2010 година по програми | 51/4 |
| 58. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на локалните патишта и улици во Општина Штип за 2010 година | 52/4 |
| 59. | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на локалните патишта и улици во Општина Штип за 2010 година | 53/4 |
| 60. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работењето на ЈП „Исар“-Штип за период од 01.10.-31.12.2010 година | 53/4 |
| 61. | Заклучок за усвојување на Извештај за работењето на ЈП „Исар“-Штип за период од 01.10.-31.12.2010 година | 54/4 |
| 62. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај на ЈП „Исар“-Штип за одржување на јавна чистота за период од 01.10.-31.12.2010 година | 55/4 |
| 63. | Заклучок за усвојување на Извештај на ЈП „Исар“-Штип за одржување на јавна чистота за период од 01.10.-31.12.2010 година | 55/4 |
| 64. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за безбедносната состојба на подрачјето на полициска станица Штип во текот на второто полугодие од 2010 година | 56/4 |
| 65. | Заклучок за усвојување на Извештај за безбедносната состојба на подрачјето на полициска станица Штип во текот на второто полугодие од 2010 година | 57/4 |
| 66. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работа на Домот на младите Штип во 2010 година | 58/4 |
| 67. | Заклучок за усвојување на Извештај за работа на Домот | 58/4 |

| | | |
|---|---|---|
| | на младите Штип во 2010 година | |
| 68. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Годишната програма за работа на Советот на млади на Општина Штип за 2010 година | 59/4 |
| 69. | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Годишната програма за работа на Советот на млади на Општина Штип за 2010 година | 60/4 |
| 70. | Решение за објавување на Заклучок за донесување на Годишна програма за работата на Советот на млади на Општина Штип за 2011 година | 61/4 |
| 71. | Заклучок за донесување на Годишна програма за работата на Советот на млади на Општина Штип за 2011 година | 61/4 |
| 72. | Годишна програма за работата на Советот на млади на Општина Штип за 2011 година | 62/4 |
| 73. | Годишна програма за работата на Советот на млади на Општина Штип за 2011 година со финансиски показатели по активности | 66/4 |
| 74. | Решение за објавување на Заклучок за донесување на Декларација за здрава штипска младина | 73/4 |
| 75. | Заклучок за донесување на Декларација за здрава штипска младина | 74/4 |
| 76. | Декларација за здрава штипска младина | 74/4 |
| 77. | Одлука за избор на приватен партнер за склучување на договор за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Штип | 77/4 |
| 78. | Решение за разрешување вршител на должноста директор на Јавна установа за деца-општинска детска градинка „Вера Циривири Трена”-Штип | 79/4 |
| 79. | Решение за именување вршител на должноста директор на Јавна установа за деца-општинска детска градинка „Вера Циривири Трена”-Штип | 79/4 |
| 80. | Решение за именување членови на жири Комисија за оценување на проектите поднесени на конкурсот за избор на идејно решение за изградба на „Дом за стари лица“ во Штип | 80/4 |
| 81. | Решение за избор на директор на Општинска јавна установа за деца-детска градинка „Астибо“-Штип | 82/4 |